ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

ООУ,,Блаже Конески“-Аеродром, Скопје



учебна 2026/2027 год.

ВОСПИТНО- ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕСКУРЗИИТЕ

Ескурзиите се организираат со цел учениците од основното училиште ***„Блаже Конески"-Скопје*** од сите одделенија, преку еднодневен или повеќедневен престој на соодветна локација, да се запознаат со непосредната околина, да стекнат едукација надвор од училишните клупи, да учат непосредно низ набљудувања и истражувања како и посети на значајни објекти и личности, да се дружат и рекреираат индивидуално и во група.

Задачи:

- стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини;
- учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
- учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
- учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи, цркви и природните убавини предвидени со патувањето;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците, но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- водење на грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;

- ООУ „Блаже Конески"-Скопје организира два пати **излети** за сите ученици во годината (во есен и пролет)
- ООУ „Блаже Конески"-Скопје организира **екскурзии** еднаш во учебната година во траење од еден до три дена и тоа:
  - За учениците од III оделение – еден ден
  - За учениците од VI одделение – два дена
  - За учениците од IX одделение – три дена
- ООУ „Блаже Конески"-Скопје организира **Настава во природа** со траење од три до пет дена еднаш во учебната година и тоа за учениците од V одделение.

I Еднодневен излет

Есенски еднодневен излет за учениците од I до IX одделение
ООУ „Блаже Конески"-Скопје во месец **октомври** планира есенски еднодневен излет до излетничкото местото Марков Манастир - Скопје.

Пролетен еднодневен излет за учениците од I до IX одд.
ООУ „Блаже Конески"-Скопје во месец **мај** планира пролетен еднодневен излет до излетничкото место Водно – Скопје.

Воспитно - образовни цели на еднодневните излети:

Еднодневните излети се организираат со цел учениците од основното училиште ООУ„Блаже Конески"-Скопје од сите одделенија, преку еднодневен престој на соодветна локација, да се запознаат со непосредната околина, да стекнат едукација надвор од училишните клупи, да учат непосредно низ набљудувања и истражувања како и посети на значајни објекти и личности, да се дружат и рекреираат индивидуално и во група.

Задачи:

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;

Содржини и активности

- Набљудување, спорт и рекреација;
- Организирање на спортски натпревари;
- Слободни игри;

Одговорни наставници: Светлана Петрова, Марјана Настевска, Сиче Талеска, Софија Димитровска
Времетраење на излетите: во текот на еден работен ден.
Еднодневните излети ќе се реализираат со сите наставници и ученици од I до IX одделение.

Техничка организација:

Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер. Изведувањето на екскурзиите е планирано за во месец октомври и месец мај, а **начин на плаќање** – директно на трансакциона сметка на агенцијата.

II. Програма за еднодневна екскурзија за учениците од III одделение

Воспитно - образовни цели на еднодневната ескурзија:

- Еднодневната ескурзија се организира со цел учениците преку еднодневен престој на соодветна локација, да се запознаат со непосредната околина, да стекнат едукација надвор од училишните клупи, да учат непосредно низ набљудувања и истражувања како и да се запознаат со значајни објекти и личности од местото, да се дружат и рекреираат индивидуално и во група.
- Да ги дополнуваат, дооформуваат, потврдуваат, повторуваат и систематизираат предзнаењата и знаењата согласно со содржините од наставниот план и програма за трето одделение.

Задачи:

- стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини;
- учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
- учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
- учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи, цркви и природните убавини предвидени со патувањето;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците, но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- водење на грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;

ООУ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ " – АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

Содржини и активности:

Поаѓање од Скопје, пристигнување во Тетово:посета на Шарена џамија-Арабати Баба Теќе и Лешочки манастир „Св.Атанасиј". Време на враќање најдоцна до 17 часот.

Содржини и активности:

- Посета на гореспоменатите знаменитости во Тетово, историски локалитети и споменици од минатото ;
- Воочување и разгледување на стари градби и архитектура;
- Систематизирање на знаењата од природните убавини на Македонија;
- Релјеф и клима на Тетово и околината;
- Подготовка и изработка на Извештај од ескурзијата.

Одговорни наставници: Ефросини Амбаровска, Весна Стефановска, Виолета Јосифова, Ивана Смилевска, Елеонора Јовчевска, Емилија Неслатковска, Љупка Николовска, Ивана Младеновска.
Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од третите одделенија во траење од 1 ден.

Техничка организација
Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.
Екскурзијата е планирана за месец мај**.**

Начин на плаќање – директно на трансакциска сметка на агенцијата.

I. <u>Програма за дводневна екскурзија за учениците од VI одделение</u>

Воспитно - образовни цели на дводневната ескурзија:

- да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики,
- да усвојуваат знаења и умеења за природата, општеството и човекот
- да се оспособуваат за нивна примена во животот, да развиваат чувства за одговорност, смисла за убаво.
- да ги почитуваат националните, културно-историски и традиционални вредности.
- да ги почитуваат и исполнуваат граѓанските права и обврски.

Задачи:

- стекнување на нови знаења и умеења од различни области во согласност со наставниот план и програма;
- учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
- учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
- учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи, цркви и природните убавини предвидени со патувањето;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците, но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- водење на грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;

План за посети и правци на патување

За ученици од шестто одделение планирана е дводневна екскурзија во источниот дел на Р. Северна Македонија. Распоредот на посети е следниов:

Прв ден

- Поаѓање од Скопје и посета на градот Куманово-Спомен костурницата во Куманово, попатно посета на локалитетот „Човеков камен", Кратово-Музеј на град Кратово, Саат кулата, Големо градиште-с.Коњух, Пробиштип-манастир „Св.Гаврил Лесновски"-с.Лесново, Радовиш-црква „Св.Троица" и пристигнување и разгледување на Дојран каде што е планирано сместување во хотел и ноќевање.

Втор ден

- Посета и разгледување на градот Струмица, манастир „Успение на пресвета Богородица- Елеуса" и манастир „Св. Леонтиј – Водоча", Колешински и Смоларски водопади. Попатно разгледување на локалитети од историско и културно наследство. Во попладневните часови враќање кон Скопје.

Содржини и активности:

- Посета на градот Куманово-„Спомен костурницата", локалитетот „Човеков камен", Кратово-Музеј на град Кратово, големо градиште с.Коњух, Пробиштип и манастирот „Св.Гаврил Лесновски" во с. Лесново, Радовиш-црква „Св.Троица", Дојран, Струмица, манастир „Успение на пресвета Богородица-Елеуса и манастир „Св. Леонтиј-Водоча", Колешински и Смоларски водопади.

- Систематизирање на знаењата од националната историја.
- Организирање на спортски натпревари со цел поттикнување на спортскиот дух кај учениците
- Подготовка и изработка на Извештај од ескурзијата

Одговорни наставници : Сузана Настовска, Јасмина Костовска, Маре Талеска, Светлана Петрова, Маре Јаничиќ.
Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од шестите одделенија во траење од 2 дена.

Техничка организација
Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.
Екскурзијата е планирана за месец мај. **Начин на плаќање** – директно на трансакциска сметка на агенцијата.

II. Програма за тридневна екскурзија за учениците од IX одд.

Воспитно – образовни цели на тродневната екскурзија:

-воспоставување, развивање и негување пријателство
-почитување на културните традиции
-почитување на знаења и искуства од возрасните
-почитување на природата и нејзиното наследство
-градење на позитивен однос кон чувањето на природата

Задачи:

- стекнување на нови знаења за природата и нејзините убавини согласно новиот наставен план и програма;
- учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи;
- учење преку посета на стопански објекти и следење на процес на работа;
- учење и негување на позитивни чувства за чување на националното и културно богатство при посета на музеи,цркви и природните убавини предвидени со патувањето;
- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- продлабочување на другарството и подобро запознавање на соучениците, но и останатите ученици со кои ќе се запознаат и дружат за надминување на верските и националните разлики;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- водење на грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и негување навики за здраво живеење;

За учениците од IX одд. планирана е тридневна екскурзија низ западниот дел на Р.Северна Македонија. Распоредот на посети е следниов:

ООУ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ “ – АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

Прв ден
Поаѓање од Скопје посета на манастирот „Св.Јован Бигорски“ и манастир „Рајчица“, Дебарско езеро, Вевчанските извори и градот Струга . Потоа патот продолжува кон Охрид посета на градот и езерото каде е планирано првото ноќевање.

Втор ден
Разгледување на градот Охрид и посета на Антички театар и Стариот град во Охрид, Плаошник и Канео , Самоилова тврдина, црква „Св. Софија“, Наколно живеалиште-Град на вода, манастир „Св. Наум“. Враќање во хотелот.

Трет ден
Разгледување на Битола-прошетка низ Широк сокак, посета на археолошкото наоѓалиште-Хераклеа, посета на градот Прилеп и Могилата на непобедените. Во попладневни часови враќање кон Скопје.

Содржини и активности:

- Посета на манастир „Св.Јован Бигорски“, манастир „Рајчица“, Дебарско езеро, Вевчанските извори, градот Струга, разгледување на градот Охрид, Антички театар, стариот град во Охрид, Плаошник, Канео и Самоилова тврдина, црква „Св.Софија“, Наколно живеалиште-Град на вода, манастир „Св. Наум“.Разгледување на Битола и прошетка низ Широксокак, посета на археолошкото наоѓалиште Хераклеа, посета на градот Прилеп и Могилата на непобедените.
- Систематизирање на знаењата од националната историја
- Организирање на спортски натпревари со цел поттикнување на спортскиот дух кај учениците
- Подготовка и изработка на Извештај од ескурзијата

Одговорни одделенски раководители: Билјана Анушев, Тања Јанкуловска, Дивна Диневска.
Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од деветтите одделенија во траење од 3 дена.

Техничка организација

Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.
Екскурзијата е планирана за месец мај. **Начин на плаќање** – директно на трансакциска сметка на агенцијата.

III. ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА- петто одделение

Настава во природа се организира во времетраење од **4 дена**, со цел учениците од петтите одделенија, преку повеќе дневен престој на соодветна локација, да се запознаат со природното наследство и непосредната околина. На учениците кои нема да одат на настава во природа,училиштето им обезбедуна непречено реализирање на наставата.

Воспитно – образовни цели на наставата во природа:

- Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа.
- Развивање на способнст за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина.
- Продлабочување проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки.
- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато.
- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики.
- Да се развиваат и негуваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.
- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:

- Посета на културно – историските места и споменици;
- Набљудување на природните убавини и богатства на нашата татковина;

- Истражување на културното , духовното и историското значење на местата кои ги посетуваат учениците;
- Усовршување на способност за: насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;
- Развивање : љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Да се негува и развива: индивидуалната, тандемска и групна работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Организирање ученички работилници во корелација со наставните премети;
- Развивање на правилни хигиенско – здравствени навики и поттикнување на самостојност во одржувањето и изведувањето на личната хигиена и грижа за себеси;
- Потикнување и создавање на навики за негување на редовни физички активности и за почесто престојување во природа;
- Формирање на навики за редовна и правилна исхрана;
- Запознавање со начинот на живот и работата на луѓето во населеното место;
- Подобрување на здравјето и развивање на физичките и моторичките способности кај учениците;

ПЛАНИРАЊЕ И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ

Подготовка:

Со Годишната програма за работа на училиштето е планирана настава во природа со петтите одделенија, во согласност со родителите на учениците. На родителските средби родителите ќе одлучат дали да се изведе оваа настава во месец мај, а финансирањето ќе
биде со самофинансирање на родителите. На оваа настава се очекува да присуствуваат 90% од учениците.

Ќе се водат индивидуални разговори со ученици и родители со цел поефикасна адаптација и социјализација на поедини ученици во колективен живот. Ќе се преземат напори да се обезбеди бесплатен престој на учениците од социјално ранлива категорија.

Изработена е посебна програма со конкретизација на содржини, активности и куќен ред, која е во прилог. Изработени се и задолженија за наставниците за слободните

активности и слободното време, како и задолженија на учениците за организирање на слободното време во натпревари, квизови и сл.

За реализација на овој вид настава се врши и избор на наставни и технички средства и помагала кои ќе се користат при реализацијата на наставата и активностите и тоа: топки, јажиња, лопатки за пинг-понг, компас, учебници, хамери, ножици, лепило, метро и др. Исто така ќе се водат посебни педагошки дневници за карактерисични педагошки ситуации од страна на педагогот, доколку има негово присуство. По враќањето од наставата во природа ќе се изврши согледување и проценка од ефектите. Ќе се поднесе и извештај за истото пред Наставничкиот совет.

АКТИВНОСТИ И СОДРЖИНИ:

Содржините и активностите ќе бидат врз основа на годишната програма и распоредот на часовите за деновите кога се изведува наставата во природа

АКТИВНОСТИ	СОДРЖИНИ
Наставни активности	•**Содржини од Наставниот план и програма за V одделение прилагодени на местото и условите за работа**
Активности во слободното време	•**Секојдневни прошетки** •**Учење на нови игри** •**Спортски натпревари** •**Слушање, пеење, играње „во диско клуб", натпревари** •**Цртање и сликање**

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Охрид

ПРВ ДЕН

- 08.00 часот – организирано тргнување од пред училиштето релација Скопје-Тетово-Гостивар-Дебар-Струга-Охрид

- По пат се предвидува посета на с.Вруток и изворот на реката Вардар, посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“ и манастирот „Рајчица“, ХЕЦ „Глобочица“.
- Пристигнување и сместување на учениците во локалитетот во попладневните часови,
- Одмор
- 19.00 часот вечера
- Ликовно творење и изложба на тема „Јас патувам“.

ВТОР ДЕН

- 07.00 будење и средување на собата
- 7.30 утринска гимнастика
- 8.00-појадок
- Прошетка низ Охрид, Антички театар, црквите Св. Софија, Св. Јован – Канео, Плаошник, стар град.
- 13.00 -14.00 ручек
- Попладневен одмор
- 15.00 – 17.00 се одржуваат часови за говорна и писмена вежба од прошетката (мак.ј), проширување на знаењата преку посета на историски споменици, верски и културни објекти (општество и историја) и решавање на бројни изрази и работа со податоци (математика),
- 17.00 – 19.00 спортски и рекреативни активности,
- 19.00 – вечера
- Вечер за избор на талент-„Покажи што знаеш“.

ТРЕТ ДЕН

- 07.00- будење и средување на собата
- 7.30- утринска гимнастика
- 8.00-појадок
- Посета на Вевчани, Вевчански извори, посета на Струга, Природо – научен музеј во Струга, спомен куќата на Миладиновци,
- 14.00-ручек,
- 15.00-17.00 се одржуваат часови за говорна и писмена вежба од прошетката (мак.ј), сликање – изработка на плакат природни убавини – Вевчански извори и решавање на бројни изрази и работа со податоци (математика)
- 17.00-19.00 спортски и рекреативни активности,
- 19.00-вечера
- Забавна вечер со музика и пижама парти.

ООУ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ “ – АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

ЧЕТВРТИ ДЕН

- 07.00-будење и средување на собата,
- 7.30- утринска гимнастика
- 8.00- појадок
- Посета на Битола: Хераклеа и пауза,
- Ручек (lunch paket),
- Посета на Велес (музеј)
- Враќање во Скопје во попладневните часови.

Локацијата за изведување на наставата во природа ќе биде определена врз основа на понудата добиена од правните лица кои имаат дозвола да организираат настава во природа.

РАКОВОДИТЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

Одделенски раководители: Дубравка Гешовска, Соња Геговска, Вера Лакоска Рајатоска, Наташа Ристовска Трпевска, Сиче Талеска.

ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО ЗА РАБОТА И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Наставата во природа се организира со учениците од V одделение за време на воспитно-образовната работа, во периодот на месец **мај** во тековната година. Наставата во природа се изведува само со согласност од најмалку 50 % од родителите на учениците во паралелката. Објектите во кои се изведува наставата во природа задолжително треба да имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Македонија. За непосредна реализација на наставата во природа одговорен е одделенскиот раководител на паралелката. За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето за истите.

Наставата во природа најверојатно ќе се реализира во деновите,вторник, среда,четврток и петок.

ООУ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ " – АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ: Ќе се одржуваат часовите од овие денови, а распоредот е даден подолу. Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во периодот од 9.00 до 13.00 часот. Организирано користење на слободното време е од 17.00 часот до 21.30 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ПО ПРЕДМЕТИ:

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЧАС	Наставна тема	Наставна содржина
1 час	**Литература и лектира**	**Обработка на песната: Градот на принцезата Пастрмка.**
2 час	**Усно и писмено изразување**	**Усно прераскажување по даден настан, „Како си поминав на првиот ден од ова дружење"**
3 час	**Усно и писмено изразување**	**Писмено прераскажување: „Што беше најубаво од вчерашниот ден..."**
4час	**Литература и лектира**	**Интерпретација на извадок од лектирата „Пипи долгиот чорап" (140)**

МАТЕМАТИКА

ЧАС	Наставна тема	Наставна содржина
1 час	**ТЕМА – РАБОТА СО ПОДАТОЦИ**	Столбест дијаграм: Броење на листопадни, зимзелени дрвја и грмушки во непосредната околина.
2 час	**ТЕМА – РАБОТА СО ПОДАТОЦИ**	Кружен дијаграм: Омилен цвет при последната прошетка.
3 час	**ТЕМА – РАБОТА СО ПОДАТОЦИ**	Столбест дијаграм: Најдобриот пеач вчера
4 час	**ТЕМА ГЕОМЕТРИЈА**	Пресметување на периметар и

		плоштина на предмети од околината

ОПШТЕСТВО И ИСТОРИЈА

ЧАС	Наставна тема	Наставна содржина
1 час	**ПРАИСТОРИЈА И ИСТОРИЈА**	Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (Кокино, Стоби, Хераклеја, Самоилова тврдина).

МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ЧАС	Наставна тема	Наставна содржина
1 час	**СЛУШАМЕ МУЗИКА**	• Народно музичко творештво (народни песни, игри, канон, зурла)

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

ЧАС	Наставна тема	Наставна содржина
1 час	**СПОРТСКИ ИГРИ - ФУДБАЛ**	Слободно водење на топка
2 час	**СПОРТСКИ ИГРИ - ФУДБАЛ**	Фудбалско шутирање во sид
3 час	**СПОРТСКИ ИГРИ - ФУДБАЛ**	Фудбалско додавање и примање на топка во парови во место

ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

ООУ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ " – АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

ЧАС	Наставна тема	Наставна содржина
1 час	**ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ**	Опишува волумен (аглест/валчест, испапчен/вдлабнат) и го препознава кај различни облици и градби – Изработка на историски споменик од глина.

КУЌЕН РЕД:

- Будење на учениците во 7.00 часот
- Миење и местење на креветите до 7.30 часот
- Организиран појадок од 7.30 до 8.00 часот
- Преглед на собите од 8.00 до 8.30 часот
- Припрема за настава до 8.45
- Почеток на првиот час во 9.00 часот
- Припрема за ручек до 13.15 часот
- Организирано ручање од 13.15 до 14.00 часот
- Попладневен одмор за учениците од 14.00 до 15.00 часот
-15.00 – 17.00 се одржуваат часови за говорна и писмена вежба од прошетката (мак.ј), проширување на знаењата преку посета на историски споменици, верски и културни објекти (општество и историја) и решавање на бројни изрази и работа со податоци (математика)
- Ужина во 17.00 часот
- Слободни активности од 17.15 до 18.30 часот
- Подготовка за вечера до 19.00 часот
- Вечерање во 19.15 до 20.00 часот
- Припрема за забава од 20.00 до 20.30 часот
- Вечерна забава од 20.30 до 21.30 часот
- Легнување на учениците во 22.00 часот

Техничка организација и начин на плаќање

Согласно членовите 19,21,22 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и настава во природа и др. слободни активности на учениците од основните училишта,техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.

Наставата во природа е планирана за месец **мај**.

Начин на плаќање – директно на трансакциска сметка на агенцијата.

Финансиски средства

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите на учениците, а ќе се бараат дополнителни средства за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Анализа на наставата во природа

По изведувањето на наставата во природа ќе се изврши анализа и ќе се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

Забелешка:

Програмата може да претрпи корекции, доколку за тоа има потреба, без промена на главната цел, но промените да бидат во функцијата за успешно изведување на наставата во природа во согласност со Правилникот.

V Планирани еднодневни посети за остварување на воспитно образовната цел во согласно со развојните периоди за учениците од I до IX одделение .

› I – II одделение

- излети и екскурзии:

-Есенска и пролетна екскурзија на ниво на училиштето

- посети:

-Театарска/балетска претстава
-Детски музички фестивал
-Кино претстава
-Саем на книгата
-Зоолошка градина/Природно–научен музеј
-Музеи
-Библиотека„Браќа Миладиновци"
-Македонски пошти
-Банка (месец на штедење)
-Железничка/Автобуска станица
-Фабрики кои ќе понудат можност за посети
-Други институации

› III одделение

-Посета на кино, театар и музеј,
-Посета за зоолошка градина и Природно – научен музеј,
-Посета на детски фестивал – Златно славејче,
-Посета на книжара и библиотека,
-Посета на фабрика за здрава храна Виталија,

-Посета на банка во месецот на штедење,
-Посета на Музеј на Македонија – Велигденска работилница,
-Посета на општина или собрание,
-Посета на Фудбалска Федерација на Македонија,
-Посета на автобуска и железничка станица,
-Еднодневни излети (есенски и пролетен)
-Еднодневна научна екскурзија во Тетово и Лешок.

› Планирани посети за IV–V одделение

*Планирање на посети на културни установи и знаменитости преку кои учениците ќе можат да реализираат дел од наставата поврзана со наставните единици ,особено во делот од Медиумска култура,Историја и општество предвидени за четврто одделение
1.Посета на градска библиотека
2.Посета на општина Аеродром
3.Посета на Македонска опера и балет-следење на претстава
4.Посета на Театар за деца и младинци –следење на театарска претстава
6.Разгледување на град Скопје
7.Посета на Музеј на Народно ослободителната борба(музеј на ВМРО)
8.Посета на НУ Музеј на Република Северна Македонија
9.Посета на верски објекти
10.Посета на Собрание на Република Северна Македонија
11.Посета на фабрика за производсво, индустриски и Институт за Земјоделски науки и храна
12 .Отворени посети поврзани со наставните единици
13.Посета на ЗОО
14.Музеи

›Планирани посети за ученици од VI-IX одд.

- Посета на музичка претстава во Опера и балет
- Посета на Институт по Хемија
- Посета на Природнонаучен музеј
- Посета на Планетариум
- Посета на саем на книга
- Посета на Музеј на македонската револуционерна борба.

VI КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

• Почитување на договореното време за време на целото патување.

• Не се одалечува од групата без знаење на одговорниот наставник.

• Дисциплинарано се однесува во институциите кои се посетуваат.

• Го почитува куќниот ред и правилата во објектите во кои престојува.

• Внимава на хигиената за време на патувањето во автобусот и останатите места кои се посетуваат.

• Ги почитува останатите учениците ,наставниците ,водичот,возачот....

• Се грижи за своето здравје и сигурност и не го загрозува туѓото здравје и безбедност.

• Се грижи за своите лични работи (паричник,телефон) и ги користи умерено.

• Сите ученици за време на екскурзијата мора да бидат уредно и пристојно облечени соодветно на временските услови.

• Не носи предмети и средства со кои може да повреди некого или да нанесе штета.

•Не користи алкохол и други недозволени средства и не поттикнува други лица за да ги користат.

• Внимателно ги слуша сите информации за патувањето и местата кои се посетуваат.

•Го известува одговорниот наставникот за секој проблем.

•За време на престојот во хотелот или други објекти треба да се чува инвентарот (секоја не намерно или намерно направена штета ќе се наплатува од сторителот).

Директор

Виолета Ристовска